**Известување за концентрација со која Прехрамбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп ќе го издвои работењето на производството на масло во ново друштво (предмет бр. 08-85/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.05.2025 година, а дополнето на 29.05.2025година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Прехрамбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп со седиште на ул. Леце Котески бр.23 Прилеп има намера да основа ново друштво – Друштво за производство, трговија и услуги ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ Штип.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Прехрамбена индустрија ВИТАМИНК“ АД Прилеп за своја основна дејност има производство на какао, чоколади и кондиторски производи.

Прехрамбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп во новооснованото друштво - Друштво за производство, трговија и услуги ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ Штип ќе пренесе дел од својот движен и недвижен имот, по што ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ ќе функционира самостојно со дејност производство на масла и масти.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.06.2025 година
Скопје